Врз основа на точка I од Програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.219/15), во врска со член 6 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/15, 145/15, 192/15, 30/16, 120/18 и 140/18), Државниот испитен центар, распишува:

# КОНКУРС
## *за избор на обучувач*

Државниот испитен центар распишува Конкурс за избор на надворешен соработник и тоа *еден обучувач на албански наставен јазик* кој ќе го реализира **Модул број 6 – Законодавство** од Програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта.

**Потребни квалификации:**

Кандидатите за обучувач за **Модул број 6–Законодавство** од Програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта, треба да достават доказ дека ги исполнуваат следните ***општи услови:***

- да имаат најмалку завршено високо образование-VII А ниво на националната рамка на квалификации;
- да имаат најмалку 5 години работно искуство во воспитно-образовна или научна дејност и
- да имаат искуство како обучувач од областа на содржината на модулот за кој конкурира

како и следните ***посебни услови***:

- да имаат завршено најмалку академски студии од втор циклус од соодветната област;
- да имаат објавено стручни, односно научни трудови кои се во функција на актуелната потреба и
- да имаат учествувано со свои трудови на научни и стручни собири.

Исто така потребно е да достават и *План за реализација на содржините од модулот*, кој треба да содржи цели, содржини, времетраење, методологии и потребни ресурси за секоја тема поединечно.

Кандидатите треба да имаат искуство во креирање испитни прашања и развиени комуникациски вештини.

Кандидатите заедно со пријавата ја доставуваат и целокупната документација за исполнување на условите на објавениот конкурс и кратка биографија.

Пријавите со некомплетна и невалидна документација, како и пријавите кои ќе пристигнат по рокот утврден во овој конкурс, нема да се земат предвид.

Државниот испитен центар ќе врши селекција според горенаведените критериуми, а кандидатите кои ќе влезат во вториот круг ќе бидат интервјуирани, по што ќе следи конечен избор.

Кандидатот кој ќе биде избран за обучувач ќе бидат ангажиран за период од две години.

Заинтересираните кандидати можат да ги достават потребните документи **во рок од 5 работни дена**, не сметајќи го денот на објавување на конкурсот во средствата за јавно информирање.

Пријавата со потребната документација се доставува со препорачана поштенска пратка, на следнава адреса: *Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ бб 1000 Скопје*, со назнака з**а јавен конкурс за обучувач.**

**Дополнителни информации можат да се добијат на телефонскиот број 075/300-606, секој работен ден.**

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР